Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 499 www.mchamber.mk 08.7.2022

# СТОПАНСКАТА КОМОРА И УСАИД ЗАПОЧНУВААТ ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ЗА РЕГИОНАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА




*Д-Р ЈЕЛИСАВЕТА ГЕОРГИЕВА ЈОВЕВСКА ИМЕНУВАНА ОД ВЛАДАТА НА РСМ ЗА НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТОР ЗА МЕДИЈАЦИЈА*

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
EVN
vitaminka
NLB Banka
GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION
IGM trade
MERMEREN Kombinat
МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР
ECM ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Gulf
ПЕКАБЕСКО
euro Nickel INDUSTRIES
nextsense
VERO сè на едно место
КОЖУВЧАНКА

### СТАНДАРД Покровители

МАКПРОГРЕС
ComfyAngel
OKTA
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС СЕРВИС И ПОПРАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ
RADE KONČAR-TEP
A1
seavus www.seavus.com
ZAN MITREV CLINIC
СЕМОС
CROATIA OSIGURANJE КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
HALKBANK
СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата На ваша страна
scalefocus
cargo-partner
Life Is On Schneider Electric
SMELT-ING

### СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин
SPARKASSE BANK
VEZĖSHARRI
LECKER
elektro
SOCOTAB Leaf tobacco
Swisslion




достапни насекаде ...

Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# Средба со амбасадорот на Народна Република Бангладеш за Романија, Северна Македонија, Молдова и Бугарија со седиште во Букурешт, Романија - Н.Е. Мд Дауд Али




Денес во просториите на Стопанската комора, потпретседателката на Стопанската комора на Северна Македонија, м-р Анета Трајковска, оствари средба со амбасадорот на Народна Република Бангладеш за Романија, Северна Македонија, Молдова и Бугарија со седиште во Букурешт, Романија Н.Е. Мд Дауд Али.

На средбата беше истакната вкупната трговска размена меѓу нашата земја и Бангладеш изминатата година, која покажува зголемување од 39,5% во 2021 година, во споредба со 2020 година и ова зголемување е исклучиво резултат на растот на узвозот од македонска страна, додека извозот од нашата држава е незначителен. Потпретседателката Трајковска наведе дека минатата година, увозот од Бангладеш достигна 15,5 милиони долари и се однесува исклучиво на увоз на текстилни производи во нашата држава.

Бангладеш е земја која е осма по населеност во светот, втор извозник на текстил во светот, а земјата забележува стапки на раст и во услови на пандемија поголеми од 6% што укажува на нејзините потенцијали, и го потврдува интересот на странските инвеститори за вложување во таа земја. Овие аргументи се само дел од резултатите на нивната економија, што ни дава за право да ја констатираме потребата, да повикаме и работиме на продлабочување на заедничката соработка, истакна потпретседателката г-ѓа Трајковска.

Н.Е. Али го најави зголемениот интерес на Народна Република Бангладеш за регионот, осврнувајќи се на главните извозни индустрии на Бангладеш, меѓу кои се текстилната индустрија, фармацијата, производството на јута и други. Како интерес за нивната економија ги истакна суровините за текстилната индустрија, храната, маслото за јадење, жито, пченка, производи од машинската индустрија, но и хемиската индустрија. Народна Република Бангладеш последната денеција интензивно работи на проширување на својата мрежа на дипломатски претставништва, со цел зголемување на растот на својата економија, истакна Н.Е. Мд. Дауд Али.

На денешната работна средба се заклучи дека следните заеднички активности на економски план, ќе се насочат кон поврзување на двете бизнис заедници преку различните форми кои стојат на располагање на двете страни.

# ПРЕЗЕНТИРАНИ МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА И ИНВЕСТИРАЊЕ ВО КАНАДА ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ

Во организација на Стопанската комора на Северна Македонија, а во соработка со Амбасадата на Канада во Белград и Почесниот конзулат во Скопје, беше реализирана тркалезна маса на тема: „Канада – вашата порта кон бизнисот“.

Целта на тркалезната маса беше презентирање на пазарните можности, инвестициската клима и правните и финансиски барања за започнување бизнис во Канада. Пред повеќе од 15 македонски компании беа презентирани условите кои Канада ги нуди на странските инвеститори.

Извршниот директор на Стопанската комора на Северна Македонија, м-р Антони Пешев, ја поздрави иницијативата за приближување на канадскиот и македонскиот пазар споделувајќи дека интенциите на Комората во следниот период се насочени токму кон создавање на услови за зголемување на извозниот потенцијал на нашите компании.

Хендрик Таулин, специјалист за странски директни инвестиции од Амбасадата на Канада во СР Германија ги презентираше различните услови за влез на канадскиот пазар кој овозможува онлајн регистирање на компанија, а благодарение на договорите за слободна трговија, секоја компанија која е регистрирана во Канада има слободен пристап до пазарите на повеќе од 51 земја со потенцијал од 1,5 милијарди корисници, вклучувајќи ги и пазарите на САД и Мексико што е доволен стимул за една компанија преку Канада да делува на пазарите во Северна Америка. Во своето обраќање г-дин Таулин се фокусираше и на бизнис опкружувањето во Канада, кое според глобалниот индекс на комплексност ја рангира Канада на четврто место помеѓу земјите од Г20, со најмалку комплексен правен систем за водење на бизнис.

Стоката со која се тргуваше меѓу Канада и Северна Македонија изнесуваше вкупно 13 милиони американски долари во 2021 година. Увозот од Канада во Северна Македонија во 2021 година се проценува на 3,07 милиони американски долари, а во најголем дел се однесува на увоз на месо, автомобили и делови. Извозот од Северна Македонија во Канада во 2021 година се проценува на 10 милиони американски долари и во најголем дел се однесува на извоз на железо, челик и тутун.

Според г-дин Таулин Канада нуди комерцијални можности за македонски компании во области како што се: рударството, информатичка и комуникациска технологија, одбраната и безбедноста, чиста технологија.

Врз основа на дебатата која се разви помеѓу учесниците произлегоа неколку иницијативи на кои ќе се работи во следниот период, кои би влијаеле на дополнително зголемување на трговската размена помеѓу двете земји. Стопанската комора на Северна Македонија активно ги следи сите можности и иницијативи и како репрезент на најголемата бизнис заедница во државата, во годината кога го одбележува својот јубилеј од 100-години постоење продолжува да биде гласот на бизнисот градејќи мостови кои ќе придонесат до создавање на додадена вредност за нашата економија.

# ПРЕЗЕНТИРАН НОВИОТ ИНСТРУМЕНТ НА ФИТР-КОФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ ЗА НОВООСНОВАНИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА СТАРТ-АП И СПИН-ОФ

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој организираше виртуелна презентација на Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва Старт-Ап и Спин-Оф

Претставници од Фондот за иновации и технолошки развој го презентираа инструментот кој има за цел да се поттикне развој на иновативност кај новоосnованите трговски друштва преку обезбедување на неопходната финансиска поддршка за активности поврзани со истражување и развој. Дополнително, се очекува да се поттикне развој на културата на преземање на ризик и воведување иновации, да се обезбеди поддршка за правните лица кои сакаат да развијат нов или подобрен производ, процес, и/или услуга, како и да се поттикне комерцијализација на резултатите од истражувања спроведени во рамки на високообразовните односно научно-истражувачките установи.

Поддршката преку овој инструмент ќе биде доделена на проекти кои имаат најмалку „потврден концепт" (proof of concept) и јасна амбиција за комерцијализација. Инструментот поддржува проекти кои се во фаза на потврден концепт до предкомерцијална (предпазарна) фаза. Времетраењето на проектот може да биде до 12 (дванаесет) месеци.

Со инструментот се поддржуваат следните активности:

- Активности за истражување и развој;
- Развој на пилот линии/производ/и и/или услуга/и;
- Активности за тестирање и валидација на нови и/или унапредени производи/услуги/процеси;
- Активности за тестирање на пазарот и валидација на потенцијалните корисници;
- Активности поврзани со заштита на интелектуална сопственост и
- Дизајн.

За финансирање проекти под овој конкурс обезбеден е вкупен буџет за јавниот конкурс од 2.000.000 (два милиони) евра во денарска противвредност.

Рокот за аплицирање е до 08.08.2022 година до 14.00 часот.. Повеќе информации поврзани со јавниот повик можат да се добијат на е-адреса: startapuvaj4@fitr.mk или на следниот линк: https://fitr.mk/startapuvaj4/

# КОМОРАТА НА ИДНИНАТА НЕ Е ЗГРАДАТА, ТУКУ КАДАРОТ ВО НЕА!




Во Монографијата за Стопанската комора на Македонија, изработена по повод 100-годишниот коморски јубилеј, посебен фокус е ставен врз личностите значајни за бизнисот во Македонија, компаниите кои биле или се`уште се дел од најголемата и најбројната бизнис-асоцијација, низ призмата на добиените коморски награди во последните 25 години од кога последен пат била издадена коморска монографија, учеството во органите и телата на комората, иницирањето и предлагањето разни мерки, иницијативи и приоритети значајни за економскиот напредок. Ги споменавме Свето Пивара, Нако Кожара, Савка Европа, Симе Витаминка, Андреја Макпетрол, Страшо Гранит, Шевки Ренова, Штерјо, Џобе, Пашата, Туџар, Даути, Бишев..., но во Монографијата ќе прочитате за уште 500 значајни ликови кои вградиле дел од својот живот во развојот на македонската економија.

Комората немаше да биде она што е денес, ако не ги следеше потребите на бизнис-секторот. Тоа значи постојано да си „на штрек", будно да ги следиш нивните проблеми, да бидеш во процес на постојана трансформација и на крајот, заедно со нив да растеш и да се развиваш. Затоа, свое место во монографијата наоѓаат и податоците поврзани со имплементацијата на проектот „Комора на иднината" од страна на актуелните бизнис-лидери и стручната служба, опфаќајќи ги нивните размислувања и погледи кон иднината и фокусирањето на неколку клучни приоритети и специјализирани коморски услуги кои се клучот за натамошниот развој. Комората на иднината не нуди се и сешто, туку нуди точно определени услуги за компаниите, кои ќе го помогнат нивниот натамошен развој, извозните перформанси, ќе им овозможат да добијат соодветен кадар, ќе ги поврзат понудата и побарувачката..... Тоа се всушност Берзата на трудот, Институтот за извоз, Школата за бизнис лидери, електронските извозни трговски документи...

100 годишнината од Комората претставува мост на две генерации, мост каде завршува ерата на една поискусна генерација и започнува ерата на новата генерација која успешно го продолжува имплементирањето на концептот „Комора на иднината". Дел од нив, и младите и возрасните, и големите и помалите, и домашните и странските бизнисмени ги гледате на овие фотографии.

Концептот „Комора на иднината" претставува одговор на потребите на бизнис- заедницата да има силен партнер, кој со своето знаење и со експертизата ги рефлектира современите трендови и практики на дејствување во брзо и динамично општество. Клучна промена во трасирањето на патот кон Комората на иднината е формирањето на Советите со фокус кон развој, иновации и знаења. Се разбира, во пазарно ориентирани услови и функционирање на правната држава.

Нашата цел е членките да се чувствуваат горди што се дел од најстарата и највлијателната бизнис асоцијација во нашата држава.

# АЗЕСКИ ВО ПОСЕТА НА ФИТР



И во услови на мулти-криза Стопанската комора на Северна Македонија продолжува да ги иницира активностите кои водат до поттикнување на иновативноста и конкурентноста на компаниите. За таа цел претседателот Бранко Азески придружуван од в.д. оперативниот директор за развој, иновации и знаења, м-р Михајло Донев остварија средба со директорот на Фондот за иновации и технолошки развој, д-р Фестим Халили.

На средбата беше поздравена досегашната соработка помеѓу двете институции, за што говори успешно реализираниот проект „Зголемување на извозната конкурентност на металопреработувачкиот, електро и машинскиот сектор, преку подобрување на производните и на технолошките способности на извозно ориентираните МСП“, преку кој беа набавени 23 машини и дополнителна опрема за 4 компании во директна финансиска поддршка во форма на грант од Фондот за иновации и технолошки развој со поддршка од Светската банка, во вредност од половина милион евра.

Претседателот Азески ги презентираше заложбите на Комората и регионалните иницијативи кои се реализираат во рамки на Коморскиот инвестициски форум со кои се обезбедува техничка помош за пристап до финансии и дигитализација за компаниите од шесте земји на Западен Балкан, како и заедничкото саемско претставување на компании од регионот на најважните бизнис настани во регионот. Азески исто така посочи дека Стопанската комора во изминатите години е насочена кон реализирање на проекти кои креираат користи за компаниите и го олеснуваат нивното работење, што дополнително ја оправдува целта на Комората да биде глас на бизнис заедницата.

Директорот Халили истакна дека Фондот за иновации и технолошки развој преку своите активности нуди поддршка за компаниите преку финансирање на најдобрите и одржливи бизнис идеи и проекти. Халили додаде дека ФИТР ќе биде првата акредитирана институција кон Зелениот климатски фонд од Западен Балкан. Преку Зелениот климатски фонд ќе се обезбедуваат финансиски средства за зајакнување на ангажманот на приватниот сектор во климатската акција за реализирање на приоритетите согласно Парискиот договор, Целите за одржлив развој и остварување на обврските за клима во рамките на претпристапниот процес на Европската Унија.

Помеѓу двете страни беше договорена комуникација на дневно ниво со која компаниите навремено ќе се информираат за сите активни повизици, во насока на дополнително афирмирање на инструментите кои овозможуваат раст и развој на компаниите, истовремено двете страни покажаа подготвеност за заедничко аплицирање на проекти, земајќи го предвид искуството и капацитетот на двете институции во креирање и имплементација на проектни активности кои водат до додадена вредност за македонската економија.

# СТОПАНСКАТА КОМОРА И УСАИД ЗАПОЧНУВААТ ЗАЕДНИЧКА СОРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ЗА РЕГИОНАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА

Соработката на Стопанската комора на Северна Македонија со УСАИД, која трае подолг период, на полето на економските предизвици со кои се соочува земјата продолжува со потпишувањето договор за соработка за реализација на тригодишен проект, со кој ќе се зајакнат капацитетите на компаниите за поуспешна регионална соработка и за поврзување, што е од особено значење како за Комората така и за Коморскиот инвестициски форум, со кој Стопанската комора на Северна Македонија копретседава во моментов.

Преку овој проект, исто така, ќе се развијат алатки и нови услуги, со што ќе им се посвети особено внимание на јакнењето на конкурентноста на македонските извозно ориентирани компании и на можностите за регионално поврзување, преку реализација на голем број активности, како што се: формирањето на Институтот за извоз, креирањето на Националниот совет за извоз, саемите, обуките, како и директната помош на компаниите, со цел зголемена соработка во регионот на Западен Балкан и пошироко.

„Ние во Комората многу добро разбираме дека мала земја како Северна Македонија без извозна ориентација нема перспектива. Како Стопанска комора постоиме 100 години, постари сме и од македонската држава, имаме кадар, имаме цел и знаеме како треба да стигнеме до подобри економски прилики. Преку поддршката што ја добиваме од УСАИД се надевам дека она што го зборуваме 20 години сега е моментот на дело да помогнеме и да се реализира. Сфативме дека без правна држава нема правна сигурност. Активни сме и на тоа поле и се вклучуваме во разрешувањето на проблемите со корупцијата, сивата економија и со еднаквоста на сите на пазарот“, истакна преседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески.

“Ќе ставам акцент врз неколку параметри. Пред 15 години почнавме од нула, а сега сме на ова ниво на коешто сме. Имаме стратегија наречена Комора на идината. Не ја чекаме државата. Имаме и концепт и потенцијал за да одиме напред. Затоа, оваа поддршка ни е важна, а со активностите преку овој проект чиниме добро и за бизнисот, но, уште повеќе, и за државата“, истакна Азески.”

„Горди сме на нашето партнерство со Стопанската комора на Северна Македонија, преку кое ќе ја поддржиме регионалната соработка на приватниот сектор и ќе ги зајакнеме капацитетите на извозно ориентираните компании. Бизнисот ги препозна можностите што ги носат регионалните иницијативи и важноста на слободниот проток на капитал, стоки, услуги и на луѓе. Тоа ќе овозможи зголемена трговска размена, ќе го направи регионот поатрактивен за нови инвестиции, но и ќе ги подготви компаниите за предизвиците на заедничкиот европски пазар“, изјави Џејмс Стајн, претставник на Канцеларијата на УСАИД во Северна Македонија.


СТОПАНСКА КОМОРА
USAID





**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Презентација**

**07.07.2022**

# Он-лајн презентација на инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој, Ве поканува на он-лајн презентација за условите за аплицирање на отворениот јавен конкурс за инструментот за поддршка- Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва Старт-Ап и Спин-Оф.

Целта на јавниот конкурс е да се поттикне развој на иновативност кај новоснованите трговски друштва преку обезбедување на неопходната финансиска поддршка за активности поврзани со истражување и развој. Дополнително, се очекува да се поттикне развој на културата на преземање на ризик и на воведување иновации, да се обезбеди поддршка за правните лица кои сакаат да развијат нов или подобрен производ, процес и/или услуга, како и да поттикне комерцијализација на резултатите од истражувањата спроведени во рамки на високообразовните односно научно-истражувачките установи.

Преку овој инструмент Фондот обезбедува финансиска поддршка за претпријатија не постари од 6 години до моментот на аплицирање или проектни тимови составени до максимум 5 лица.

Има две групи на кофинансирање од страна на ФИТР:

- До €40,000 и до 90% од вкупниот буџет на проект за трговски друштва до 3 години постоење до моментот на аплицирање или за проекти поднесени од страна на проектен тим.
- До €60,000 и до 85% од вкупниот буџет на проект за трговски друштва со над 3, а помалку од 6 години постоење до моментот на аплицирање.

Сите информации поврзани со јавниот повик се достапни на следниот линк:
https://fitr.mk/startapuvaj4/

Настанот ќе се одржи на 07.07.2022 (четврток), со почеток во 12:00 часот, преку зум апликацијата.

Join Zoom Meeting:
https://us06web.zoom.us/j/87377289308?pwd=VHVoTWxKb0RzZ0dkdnQ0cVhod1RMQT09
Meeting ID: 873 7728 9308
Passcode: 071905

**Семинар**

**12.07.2022**

# ВОВЕДУВАЊЕ НА СТАТУСОТ ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР ВРЗ ОСНОВА НА МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ И ПРИДОБИВКИ ЗА ИМАТЕЛИТЕ НА ОДОБРЕНИЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 12.07.2022 година, организира еднодневна работилница на тема: „Воведување на статусот овластен економски оператор врз основа на меѓународни стандарди и придобивки за имателите на одобрение" со цел економските оператори да се запознаат со статусот овластен економски оператор, неговото значење во меѓународната трговија и начинот и постапката како да се дојде до него, а се со цел да се користат поволностите од страна на имателите на одобрение.

Во текот на работилницата ќе бидат објаснети сите аспекти околу дефинирање на поимот овластен економски оператор, законските основи, можностите и начинот за поднесување на барање и добивањето на одобрение. Истовремено учесниците ќе добијат практични совети во врска со начинот на подготовка на економскиот оператор за поднесување на барањето, но и начинот на следење на одобрението и континуирано исполнување на истите. Исто така ќе бидат објаснети поволностите пропишани со законските прописи и начинот и постапките за нивно остварување. Посебно внимание ќе биде посветено и на взаемното признавање на одобренијата за овластен економски оператор и неговото значење за економијата на Република Северна Македонија

Предавачи:

- Офелија Бајо, помошник директор на Сектор за царински систем во Царинската управа на Република Северна Македонија и
- Билјана Гаџовска, самостоен советник во Одделение за царински и даночни постапки во Сектор за царински систем во Царинската управа на Република Северна Македонија.

За сите учесници на семинарот ќе биде обезбедено:

- работен материјал доставен електронски;
- ручек и освежување;
- сертификат за присуство на семинарот.

Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 08.07.2022 година.

**Конференција**

**26.07.2022 - 28.07.2022**

# ХИБРИДНА КОНФЕРЕНЦИЈА И ДЕЛОВНИ СРЕДБИ „CONNECTO 2022“

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со ИНТЕРА-Технолошки парк, Мостар, БиХ и во рамки на ЕЕН–Европската мрежа на претприемачи, Ве поканува да земете учество на претстојната конференција и деловни средби на тема: CONNECTO 2022 што ќе одржат во периодот од 26-28 јули 2022 година во Интера-Технолошки парк, Мостар, БиХ.

Настанот претставува одлична можност да се воспостават контакти со партнери, клиенти и добавувачи од Босна и Херцеговина, регионот на Западен Балкан и од светски рамки.

Настанот е наменет за услужните дејости од следните сектори:

- Дигитализација;
- ИКТ и телекомуникации;
- Производи и полупроизводи од метал, дрво и пластика;
- Инженерски, дизајн и консултантски услуги;
- Градежна индустрија;
- Индустриски и градежни алатки и машини;
- Винарство, земјоделство и храна и
- Туризам, спорт и рекреација.

Учеството на настанот е бесплатно. Целата програма ќе биде подеднакво видлива и достапна за посетителите на локацијата и за оние кои учествуваат онлајн. Настанот ќе се одржи во просториите на Технолошкиот парк ИНТЕРА како и на онлајн веб платформата. Официјални јазици ќе бидат на англиски, босански, хрватски и српски јазик.

Регистрацијата е отворена до 25 јули 2022 година на следниот линк: https://connecto.ba/signup.



**Настан**

**12.10.2022**

# „MARKETPLACE AUSTRIA FOOD AND BEVERAGES 2022“ БИЗНИС-СРЕДБА НА АВСТРИСКИ ФИРМИ

Стопанската комора на Австрија, во соработка со Трговското одделение при Амбасадата на Република Австрија во Северна Македонија и со Стопанската комора на Северна Македонија, организира деловни средби меѓу австриски фирми производители на прехранбени производи и интернационални увозници на прехранбени производи.

MARKETPLACE AUSTRIA FOOD AND BEVERAGES претставува настан со 17-годишна традиција и со најголема посетеност, на кој присуствуваат компании производители на храна, како и трговци на мало и на големо од целиот свет.

Настанот претставува ексклузивна можност купувачите на храна и на пијалаци да се сретнат со добавувачи и со производители во Виена и да го доловат вкусот на Австрија. Целта е да ја зголемат својата мрежа на контакти, да пробаат нови производи, да запознаат нови добавувачи, да разменат нови идеи и да остварат деловна соработка со познати компании и експерти за производство и за трговија на големо и на мало со храна и со пијалаци од целиот свет.

Настанот ќе се одржи на 12.10.2022 година (среда) во Стопанската комора на Австрија во Виена.

Ве информираме дека доколку сакате да учествувате на овој настан, како и на B2B-средбите, задолжително треба да се регистрирате на следниот линк: https://food2022.b2match.io/signup, каде што можете да ги видите сите компании кои се пријавени досега, да ја видите програмата и сите други релевантни информации во врска со настанот. Поради ситуацијата со COVID 19 купувачите, исто така, можат да учествуваат виртуелно, со што при регистрацијата тие мора да изберат меѓу „дискусии на самото место“ или „дискусии преку интернет“.

Рокот за пријавување е до 30.9.2022 година.

За компаниите кои ќе се пријават и кои ќе обезбедат учество на деловните (Б2Б) средби со австриските компании ќе бидат обезбедени:

- две бесплатни хотелски ноќевања со појадок,

доколку се исполнат следните услови:

- компанијата учествува за првпат на пазарот или има учествувано последен пат пред 5 години (2017) и има најмалку 5 резервации за состаноци со австриски компании;
- компанијата учествувала на локалниот пазар во Виена во последните 5 години и има најмалку 5 резервирани состаноци;
- да доставaт портфолио со фотографии од производ како доказ дека компанијата е присутна на австрискиот пазар (супермаркет, хотел или ресторан) во последните 5 години.

Трошоците за превозот Скопје – Виена – Скопје се на товар на самите компании.

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088